## Д-р Ратко Дуев, Редовен професор

## БИОГРАФИЈА

Роден е на 26. VI 1970 г. во Велес. Дипломирал (1998) и магистрирал (2003) на Филозофскиот факултет во Скопје. Од 1999 до 2001 г. работи како асистент-истражувач во МАНУ во Центарот за ареална лингвистика, каде продолжува да работи до денес како надворешен соработник. Во 2000 г. е избран за помлад асистент при Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје, а во 2004 г. е избран за асистент. На 18. VI 2010 г. ја одбранува својата докторска дисертација „Ѕевс и Дионис. Судир и синкретизам на небесни и хтонски култови во најраниот хеленски период“. Во 2010 г. е избран за доцент, а во 2015 г. за вонреден професор. Од месец март 2020 г. е редовен професор при Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

Од 2013 г. е уредник на меѓународното научно списание Жива Антика од Скопје. Член на повеќе уредувачки одбори на научни списанија и организациони одбори на меѓународни конференции. Членувал и во Committee on Information Technology Applied to Mycenology, CIPEM, UNESCO 2006–2015.

Како главен технички координатор и член на факултетската комисија ги водел уписите на новите студенти од 2008 до 2016 г. Координатор и член на Одборот за прослава на Јубилејот „90 години Филозофски факултет во Скопје“, 2010 г., Јубилејот „95 години Филозофски факултет во Скопје“, 2015 г., а и претседател на одборот за одбележување на „100 години Филозофски факултет во Скопје: еден век високо образование, еден век државотворност.“

Извршувал повеќе функции како раководител на Институтот за класични студии (18. I 2012–17. IX 2013 г.) и продекан за финансии на Филозофскиот факултет во Скопје (15. IX 2013–15. IX 2017 г.). Моментално ја извршува функцијата декан на Филозофскиот факултет во Скопје во вториот мандат за периодот од 1. IX 2021 до 1. IX 2024 г.

Од 2012 до 2017 г. бил главен и одговорен координатор за организирање на „Отворен ден“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј. Исто така бил член на Одборот за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2020 г. Член е на Универзитетскиот стручен совет за докторски студии (1. IX 2020–1. IX 2023 г.).

Учествувал во повеќе меѓународни и домашни проекти водени од МАНУ и Министерството за култура. Одржал предавања на универзитети во Италија, Франција, Србија, Словенија, Хрватска и БИХ.

Редактор и уредник е на над 800 изданија на Филозофскиот факултет, МАНУ, проектите „Антологија на светската поезија“, „Светско книжевно наследство“, „Ѕвезди на светската книжевност“.

Во пет мандати од 2012 до 2016 г бил претседател на Комисијата за издавачка дејност на Министерството за култура. Членувал во работната група за изготвување на нов Закон за издавачка дејност 2013-2014 г. Во периодот од 2015 до 2016 претседавал и со Националната комисија за учебници на МОН.

Бил и член на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ (2012–2013) и државната награда „11 Октомври“ (2014–2015).

Истражувачки интереси: историја на религиите, античка митологија, микенологија, античка епика, античка музика.

## БИБЛИОГРАФИЈА (селектирана)


**Книги:**

**1.** *Музиката во микенскиот свет и Хомер*, Силсонс: Скопје 2009.

**2.** *Ѕевс и Дионис: раѓање на античките верувања и култови*, Силсонс: Скопје 2010.

**3.** Ilevski, P., Mitevski, V., Duev, R. (ed.), *Ad perpetuam memoriam Michaelis D. Petruševski*, Živa Antika Monographs No 10, Skopje 2012.

**4.** Р. Дуев (ed.), *Востанијата во Македонија*, Филозофски факултет 2015.

**5.** Р. Дуев (ed.) *Антологија на светската поезија,* том 1., *XX век пр. н.е. - IV век н.е.: од Енума Елиш до Авсониј,* Арс Ламина 2015.

**Преводи:**

**1.** И. Џепароски (приредил), *Убавина и уметност: од Платон до Кроче*, зборник по естетика (превод на Плотин, св. Августин и св. Тома Акавински: Р. Дуев стр. 71–124), Магор, Скопје 2005.

**Статии:**

**1.** „Hermaphroditus: the Other Face of Hermes?“, *Sobria ebrietas: у спомен на Мирона Флашара, Зборник Филозофског факултета, серија А: Историјске науке, књига XX,* Београд 2006, 47–58.

**2.** „*Organon* – по трагите на еден назив на непознат музички инструмент во *Светото Писмо*,“ *Класика - Балканистика - Палеославистика: материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на академикот Петар Хр. Илиевски*, МАНУ, Скопје 2007, 139–147.

**3.** "Zeus and Dionysus in the Light of Linear B Records", *Colloquium Romanum, Atti del XII colloquio internazionale di Micenologia, Roma, 20-25 febbraio 2006, voll. I–II. Pasiphae 1–2,* Pisa: Roma 2008, 223–230.

**4.** „Митот за Европа – во потрага по изгубениот идентитет“, *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција Македонија и соседите (по повод јубилејот 60 години Институт за историја* (8–9 декември 2006 г. Скопје), Филозофски факултет – Скопје 2010, 300–307.

**5.** „Gusla: the origin and beyond", *Živa Antika* 61, Skopje 2011, 49–59.

**6.** "*di-wi-ja* and *e-ra* in the Linear B texts", in Pierre Carlier (ed.), *Études mycéniennes 2010, Actes du XIIIe colloque international sur les textes égéens, Sèvres, Paris, Nanterre, 20-23 septembre 2010, Biblioteca di Pasiphae 10,* Pisa-Roma 2012.

**7.** "Некои размислувања за мик. Pa-si-te-o-i 'на сите богови'", in P. Ilevski, V. Mitevski, R. Duev, *Ad perpetuam memoriam Michaelis D. Petruševski*, Živa Antika Monographs No 10, Skopje 2012, 79–86.

8. „Тајната книга (Распитот Јованов)“, *Епоха Св. Климент Охридски. Македонскиот јазик и македонската книжевност од епохата на Св. Климент до епохата на Блаже Конески: прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, Книга 28, МАНУ 2016, 1271-1277.

9. “The Religion of ‘Old Europe’ and the Problem of the Later Development of the Cult of the Sky God”, *Živa Antika* 66, Skopje 2016, 15 –23.

10. “Written evidence for the Minoan god from Dicte”, *Živa Antika* 67, Skopje 2017, 21–30.

11. [со Саракински, В.]: “Migrants et réfugiés dans le monde Mycenéen? Les sources écrites”, *Živa Antika* 68, Skopje 2018, 25–38.

12. “Some Thoughts on Indo-European Supreme God”, *Živa Antika* 69, Skopje 2019.

13. “The Family of Zeus in Early Greek Poetry and Myths”, *Classica Cracoviensia 22,* 2019.

14. „Платоновиот мит за пештерата: над алегорија“ (“Plato's Myth of the Cave: Looking Beyond the Allegory”), *Прилози – Одделение за лингвистика и литературна наука. Contributions. Section of Linguistics and Literary Sciences* XLVI, 1-2, MANU, 2019 г.

Ratko Duev

Digitally signed by Ratko Duev
Date: 2023.05.02 11:16:39 +02'00'